СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА И ДРЖАВНАТА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-76/1
29. 12. 2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-2071/1
29-12-2021 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Колективен договор

За административните службеници и
другите вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија

Склучен помеѓу
Судскиот совет на Република Северна Македонија и
Синдикатот на администрација и државна управа на Македонија

Декември 2021 година

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и Сл.весник на РСМ бр.143/19 и 14/20), член 4 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19 и 14/20) и член 12, 203, 206 и член 219 став 1 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Сл.весник на РСМ бр.110/19 и 267/20), Судскиот совет на Република Северна Македонија претставуван од Претседателот Павлина Црвенковска од една страна и репрезентативниот Синдикат во Судскиот совет на Република Северна Македонија, претставуван од претседателот на Синдикалната организација Азбије Беќир и претседателот на Синдикатот на администрација и државна управа на Македонија Благоја Ралповски, од друга страна, склучија:

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## за административните службеници и другите вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на колективниот договор

**Член 1**

Со овој Колективен договор се уредуваат статусот, правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на државните службеници и другите вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот).

### Работодавач и вработени

**Член 2**

Работодавач е Советот (во натамошниот текст: работодавачот).
Вработени во Советот се лицата кои засновале работен однос во Советот, кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на државни службеници и други вработени кои вршат помошни - технички работи кои немаат статус на државни службеници.

Синдикат во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на

администрација и државна управа на Македонија (САДУ), претставуван од претседателот на Синдикатот и од претседателот на синдикалната организација при Советот (во натамошниот текст: Синдикатот).

**Државни службеници и други вработени**

**Член 3**

Државни службеници се лицата кои, согласно Законот за административни службеници и Законот за Судскиот совет на РСМ вршат стручно административни, нормативно правни, извршни, статистички, административно надзорни, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни, решавање на управни работи и други работи од административна природа утврдени во Актот за систематизација на работните места на работодавачот, а донесен согласно Каталогот на работни места во јавниот сектор, организирани во групи, подгрупи, категории и нивоа, согласно Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници.

Другите вработени во Советот се вработените кои вршат помошни и административно технички работи, а кои согласно Законот за административни службеници немаат статус на административни службеници.

**Опфат и примена на Законот и на Колективниот договор**

**Член 4**

На статусот и другите прашања од работен однос на државните службеници во Советот се применува Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, други закони, Колективните договори и општите прописи за работните односи.

**Член 5**

Овој Колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените на негова непосредна примена.

Овој Колективен договор е задолжителен и ги обврзува вработените кои се членови на репрезентативниот Синдикат во Советот и вработените кои дополнително станале членови на Синдикатот, или дополнително му пристапиле по потпишување на изјавата согласно Законот за работните односи, како и државните службеници и другите вработени кои не се членови на синдикатот.

**Член 6**

Со овој Колективен договор можат да се утврдат само поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за Судскиот совет на РСМ, Законот за работните односи, други закони, Општиот Колективен договор за јавниот сектор и Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи,

државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.
Одредбите во овој Колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со актите од став 1 на овој член се ништовни.
Со договорите за вработување може да се утврди поголем обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување согласно овој колективен договор.

## II.Вработување

### Член 7

Работниот однос вработените во Советот го засноваат со склучување на договор за вработување, односно преку решение за вработување.

Договорот за вработување се склучува, односно решението за вработување се носи на неопределено време, со полно работно време, односно неполно работно време.
По исклучок работодавачот може да склучи договор, односно да донесе решение за вработување на определено време, со полно, односно неполно работно време, под условите и на начинот утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.
Вработувањето во Советот се врши согласно општите начела за вработените во јавниот сектор, класификацијата на работните места според групи и подгрупи на работни места и категориите и нивоата на работните места во јавниот сектор, утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Каталогот на работните места во јавниот сектор и Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на работодавачот.

## Начин на пополнување на работни места на државните службеници и другите вработени.

### Член 8

Пополнувањето на работно место на државните службеници се врши преку спроведување на постапка за:
-вработување;
-унапредување;
-мобилност преку распоредување или преземање, под условите и на начинот утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административи службеници, друг закон и Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на работодавачот.
Вработените кои извршуваат технички и помошни работи во Советот се вработуваат согласно постапката за вработување во Законот за работните односи.

## III. Обврски на вработените

**Член 9**

Вработениот е должен совесно да ја извршува својата работа на работното место за кое склучил договор за вработување во време и на место, кои што се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на работодавачот и општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа.

**Член 10**

Вработениот е должен да ги извршува работите и работните задачи опишани во Актот за систематизација на работни места на работодавачот.
Вработениот врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот или од раководното лице на работодавачот е должен да извршува работи и работни задачи кои не се содржани во описот од став 1 на овој член, ако се соодветни на неговите професионални квалификации и работни компетенции.

**Член 11**

Во текот на траењето на работниот однос, во случај на промена на работното место заради спроведена постапка за вработување на друго работно место, по пат на интерен оглас вработениот може да биде распореден, согласно Законот за административни службеници и посебниот закон.

## IV. Права на вработените и нивна положба

**Член 12**

Општите права и должности на државните службеници во Советот кои произлегуваат од работниот однос се уредени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, други закони, општите прописи за работните односи и овој и друг колективен договор.

### Работно време

**Член 13**

Работното време на државните службеници во Советот започнува во 7.30 часот, завршува во 15.30 часот.
Работното време на вработените во Советот кои вршат помошно-технички работи-хигиеничари започнува во 7.30 и завршува во 15.30 часот (лизгачно работно време) при што секоја втора сабота работат, но не повеќе од 80 часа во текот на две работни недели.
Работното време кај работодавачот согласно потребите на службата може да биде флексибилно во однос на почнувањето и завршувањето на работното време за вработените, а во согласност со синдикатот.

## Прекувремена работа

### Член 14

Прекувремената работа, скратеното работно време, дополнителното работење и забраната за подолго работно време на државните службеници и другите вработени во Советот на неделно и на годишно ниво може да трае најмногу за времето и во случаите утврдени со Законот за работните односи. Прекувремената работа на неделно ниво не може да трае подолго од 6 часа неделно и 150 часа на годишно ниво.

## Паузи, одмори и отсуства

### Член 15

Државните службеници и другите вработени во Советот имаат право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи како и според другите и овој Колективен договор.

Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот ја користи во предвиденото време од 11.00 до 11.30 часот.

Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот може да ја користи и надвор од предвиденото време, со претходна согласност на Генералниот секретар на Советот.

Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува, а вработениот да го оствари непречено своето право.

Времето на паузата од овој член се засметува во работното време и за истото се исплаќа плата.

Вработениот во текот на месецот може да се јави на работното место со задоцнување, а без притоа да биде санкциониран од работодавачот најмногу 4 часа во текот на еден месец.

## Годишен одмор

### Член 16

Административниот службеник и друг вработен во Советот има право на користење на годишен одмор во траење од најмалку 20 работни дена.

Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.

Начинот за користење и критериумите за времетраењето на годишниот одмор се утврдени со овој Колективен договор.

## Критериуми за утврдување на годишниот одмор

### Член 17

Годишниот одмор на вработениот од член 16 на овој Колективен договор сеопределува според следните критериуми:

1. Должина на работен стаж, најмногу до 3 дена:
- над една до 10 години работен стаж плус 1 работен ден;
- над 10 до 20 години работен стаж плус 1 работен ден и
- над 20 години работен стаж плус 1 работен ден.

2. Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование:
-Работи од I-III степен сложеност -1 работен ден,
-Работи од IV-V степен сложеност -2 работни дена и
-Работи од VI-VIII степен сложеност -3 работни дена.

3. Други социјални и здравствени околности:
-инвалид три работни дена,
-работник со најмалку 60% телесно оштетување три работни дена,
- самохран родител или старател со дете до 15 години – дополнителни три работни дена и
- самохран родител, родител или старател со дете со посебни потреби – дополнителни пет работни дена.

Повозрасен работник од 57 години жени и 59 години мажи има право на уште три работни дена годишен одмор.

Вработениот има право три дена од годишниот одмор да ги искористи во денови коишто самиот ќе ги определи, за што мора да го извести работодавачот најдоцна 3 работни дена пред користењето.
Во случај на итна и неодложна потреба (работи кои не зависат од волјата на вработениот и не можат однапред да се предвидат), вработениот има право да искористи еден ден од деновите наведени во ставот 1 на овој член, за што до крајот на работното време во денот на настанувањето на потребата за истото ќе го извести работодавачот.
За користењето на деновите од ставот 1 на овој член работодавачот е должен да издаде решение против кое вработениот има право на жалба.

### Член 18

Годишниот одмор се определува со решение за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, со кое се утврдува должината на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.
Решението од став 1 на овој член мора да му се достави на вработениот, најдоцна 30 дена пред денот на отпочнувањето на користењето на годишниот одмор.
Против ова решение вработениот има право на приговор.

**Платено отсуство**

**Член 19**

Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до седум работни дена во текот на календарската година и тоа за:

- склучување брак - 5 работни дена;
- склучување брак на дете - 3 работни дена;
- раѓање или посвојување дете - 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете - 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра - 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник - 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба - 1 работен ден;
- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за разводна бракот);
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот - 3 работни дена;
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат - 3 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место - 3 работни дена;
- селидба на семејството во исто место – 1 работен ден;
- елементарна непогода и климатски неповолен настан - 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домотза кој се доставува доказ) – 3 работни дена;
- кражба во домот – 1 работен ден;
- прв ден на прваче - 1 работен ден;
- доброволно дарување крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работнидена и
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на Синдикатот на САДУ - деновите на одржување на тие активности.

Отсуството од работа во смисла на став 1 на овој член се користи во деновите натраењето на основот.

**Член 20**

Вработените кои се доброволни дарители на крв имаат право на два слободни дена за секое дарување на крв, кои треба да се искористат во рок од три месеци од денот на дарувањето на крв, односно во рок од една година ако дарувале крв во акција организирана од Советот.

**Неплатено отсуство**

**Член 21**

Вработениот има право на неплатено отсуство од работа три месеци во текот на календарската година во следните случаи:

- за нега на болен член на семејството;
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за

здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка;

- за изградба, доградба, или поправка на куќа или стан;
- за учество во спортски или други манифестации што не се дел од синдикалнитеактивности;
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности или не се за потребите на работодавачот;
- за подготовка на правосуден испит;
- за подготовка на магистерски труд или докторат и
- за други неодложни лични работи.

Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на решение од работодавачот по писмено барање од страна на вработениот, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на користењето на отсуството.

Работодавачот е должен за користење на неплатеното отсуство да донесе решение за неплатено отсуство, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.

На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на писмено барање од страна на вработениот до работодавачот, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на отпочнувањето на користењето на отсуството.

За користење на неплатеното отсуство се донесува решение, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.

## Мирување на работниот однос

### Член 22

Работниот однос мирува во случаите определени со Законот за вработените во јавниотсектор и Законот за работните односи.

Во случај на престанок на причините за мирување на работниот однос, вработениот е должен да се врати на работа во рок од 15 дена и да биде распореден најмалку на истото ниво на кое бил пред започнувањето на мирувањето.

## Должност за извршување на работата и работните задачи

### Член 23

Државниот службеник и другите вработени во Советот може да се распоредат да извршуваат работни задачи кои не се во описот на нивното работно место согласно Актот за систематизација на работни места најдолго во траење од 30 дена, согласно членот 10 на овој колективен договор.

Непосредно претпоставениот може да определи државниот службеник или друг вработен во Советот да извршува други работи и работни задачи кои не се во описот на неговото работно место со писмено задолжение кое мора да има

образложение и да биде одобрено од Генералниот секретар на Советот.
На државниот службеник во ниту еден случај не може да му се наложи да врши други работи и работни задачи кои не влегуваат во описот на неговото работно место ако:
- работата може да ја изврши службеник кој што е распореден на соодветното работно место и
- работата може да се заврши со прераспределба на работното време на лицата кои веќе ја работат работата.

## V. Заштита и безбедност на вработените при работа

### Член 24

Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.
Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

### Член 25

Вработениот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со потребно внимание заради обезбедување на својот живот и здравје и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

### Член 26

Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи на секои 18 месеци заради откривање на професионални и други заболувања и нивно ефикасно лекување.

### Член 27

Во спроведувањето на мерките за заштита при работа, Синдикатот има право и обврска да:
- даде мислење во врска со планирањето, подобрувањето и унапредувањето на условите при работа;
- биде информиран и да се грижи за примената на прописите за безбедност и здравје при работа
- да ги информира и да бара заштита на вработените од страна на инспекцискиот орган за безбедност и здравје при работа, кога работодавачот пропушта, или одбива да го направи тоа.
За остварување на правата утврдени во Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е должен на претставникот на Синдикатот да му ги обезбеди сите услови и можности.
Синдикатот, односно синдикалната организација започнува постапка пред надлежните органи, доколку работодавачот не ги преземе пропишаните мерки и средства за заштита на вработените при работа.

## VI. Плата, надоместоци на плата и други примања

### Плата и надоместоци од плата

**Член 28**

Државните службеници и другите вработени во Советот за својата работа имаат право на плата, надоместоци од плата и други примања, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, другите посебни закони, општите прописи за работни односи и Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија и Колективниот договор на ниво на работодавач.

Платите, надоместоците на плати и другите примања на државните службеници и другите вработени се обезбедуваат од буџетот на Советот.

Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот.

### Додаток на плата заради специфичност на работата и работни задачи и зголемен обем на работа

**Член 29**

Вработените во Советот, имаат право на додаток на плата заради специфичност на работата и работни задачи и зголемен обем на работа, односно заради дополнителен придонес во извршување на специфични работи и работни задачи, зголемен обем и сложеност на работа, како и вреднувањето на нивната успешност, компетенциите, унапредувањето на организацијата и стандардизираните процедури на работа, градењето на организациските капацитети, ефикасното извршување на надлежностите и квалитетна услуга во интерес на граѓаните и правните лица, а со тоа и надминување на очекувањата на раководното лице на Советот и/или непосредно претпоставениот вработен во исполнувањето и остварувањето на стратешкиот план и годишната програма за работа на Советот (односно годишната програма за работа на Судскиот буџетски совет).

Висината на додатокот на плата изразен во проценти од основната плата на вработените во Советот во зависност од критериумите и обезбедените финансиски средства изнесува:

- за специфичност на работите и работните задачи – до 20% и
- за зголемен обем на работа – до 15%.

Додатоците на плата утврдени во став 2 од овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Висината на додатокот на плата може да се утврдува и кумулативно врз основа

на критериумите од став 2 на овој член, при што вкупниот додаток на плата може да изнесува до 35% од износот на основната плата на вработениот во Советот. Претседателот на Советот најдоцна до петнаесетти во месецот може да донесе решение за исплата на овој додаток на плата и во која висина за секој административен службеник, за претходниот месец, согласно расположивите средства во категорија 40-плати и надоместоци, а по претходно одобрени финансиски средства од Судскиот буџетски совет.

**Член 30**

Специфичност на работите и работните задачи од член 29 став 2 алинеја 1 од овој колективен договор, опфаќа:

1) извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;
2) постојана достапност на вработениот на раководното лице на Советот или на непосредно претпоставениот раководен вработен;
3) извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од итно постапување;
4) извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации;
5) подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на Советот.

**Член 31**

Зголемен обем на работа од член 29 став 2 алинеја 2 од овој Колективен договор, опфаќа:

1) значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица:
2) извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;
3) извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, а кои не се во описот на работното место;
4) учество во работни групи, комисии, комитети или тела на Советот или други органи за кои со општ или посебен пропис/акт не е определен надоместок за учество во работата на истите и
5) извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица.

**Јубилејна награда**

**Член 32**

Вработениот во Советот има право на надоместок од плата за јубилејна награда за 5; 10; 15; 20; 25; 30; 35 и 40 години работа во Судски совет на Република Северна Македонија што се утврдува со одлука на Советот доколку се обезбедени средства за таа намена.

**Додатоците и надоместоците на плата на вработените во Советот кои вршат технички и помошни работи**

**Член 33**

Одредбите на овој Колективен договор кои се однесуваат на додатоците и надоместоците на плата на државните службеници се однесуваат и на вработените во Советот кои вршат технички и помошни работи.

## VII. Информирање на вработените

**Член 34**

Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на претставникот на Синдикатот на САДУ за:

- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот;
- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените и
- други прашања од заедднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

Информирањето се врши по писмен и електронски пат.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ДЕЛУВАЊЕ НА СИНДИКАТОТ

**Член 35**

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на синдикалната организација членка на Синдикатот на САДУ, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, овој или друг колективен договор.

**Член 36**

На претставниците на синдикалната организација членка на Синдикатот на САДУ им се овозможува непосредна комуникација со раководното лице на работодавачот или лице овластено од раководното лице на работодавачот.

Синдикатот на САДУ изготвува список на синдикални претставници - членови на Извршниот одбор на синдикалната организација и на избраните и именуваните членови во органите на Синдикатот на САДУ и го доставува до раководното лице на работодавачот.

**Член 37**

На барање на Синдикатот на САДУ, работодавачот доколку е во можност обезбедува и овозможува стручни, административни и технички услови за работа на синдикалната организација членка на Синдикатот на САДУ заради остварување на синдикалните функции, како:

- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци и
- други услови неопходни за функционирање на Синдикалната организација.

**Член 38**

За остварување на финансиско - сметководствени работи на синдикалната организација членка на Синдикатот на САДУ се обезбедува пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од Синдикатот на САДУ за висината на членарината. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.
Членарината од членовите на Синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот на САДУ кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на Синдикатот на САДУ.
Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на Синдикатот на САДУ (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку Синдикатот на САДУ).
Вработениот при стапување во Синдикатот на САДУ потпишува пристапница.
Претседателот на Синдикалната организација членка на Синдикатот на САДУ, по добиената пристапница, ја известува Службата за финансиско - сметководствени работи на работодавачот која е должна да ја пресметува и уплатува членарината.
Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на Синдикатот на САДУ уредно и навремено достават известување и одлуката од став (1) на овој член.
Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од Синдикатот на САДУ.
Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

**Член 39**

Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира Синдикатот на САДУ.
Работодавачот и Синдикатот на САДУ можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот (1) од овој член.

**Член 40**

Претседателите на Синдикалните организации на Синдикатот на САДУ, нивните заменици, членовите на органите на синдикалните организации и Синдикатот на САДУ и повереницијте кои учествуваат во работата на Синдикатот во Одборите и Комисиите имаат право на посебна заштита утврдена со ЗРО и колективните договори.

(1) Лицата од ставот (1) на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место, за синдикална активност, освен за дисциплинска одговорност по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.

(2) На лицата од ставот (1) на овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на Синдикатот на САДУ, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски игри и други синдикални активности согласно Статутот и Програмата за работа на Синдикатот на САДУ со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:

- за претседателот и потпретседателот на синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикални органи и тела до 56 часа месечно и
- за повереник на синдикалната организација до 32 часа месечно.

(3) По предлог на Синдикатот на САДУ и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго до 24 часа месечно.

(4) Членовите на Синдикалната организација на ниво на работодавач имаат право на платено отсуство од работа за учество на синдикални спортски игри, семинари, конференции, работилници, синдикални школи во траење од 10 работни дена годишно. Овие денови не се сметаат заедно со деновите за отсуство предвидени со членот 19 од овој колективен договор.

## IX. Остварување на правото на штрајк

**Член 41**

Правото на штрајк вработените во Советот го остваруваат во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за локалната самоуправа, актите на Синдикатот и Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

## X. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

**Член 42**

Заради остварување на правата од овој колективен договор вработениот има право да поднесе барање односно приговор до работодавачот.
Вработениот има право да присуствува во постапката кај работодавачот кој одлучува за поднесеното барање или приговор.
Работодавачот е должен да соработува со претставникот на Синдикатот на САДУ за спогодбеното решавање на спорот.

## XI. Изменување, дополнување, толкување и следење на примената на колективниот договор

**Член 43**

Овој колективен договор ги обврзува и важи за вработените во Советот кои се членови на Синдикатот и за вработените кои не се членови, а кои му пристапиле на колективниот договор, како и за останатите вработени по сила на закон.
Правните норми содржани во овој Колективен договор се применуваат непосредно и се задолжителни за сите лица од ставот 1 на овој член кои имаат статус на државни службеници и кои вршат административно-технички и помошни работи во Советот.

**Член 44**

Страните на овој колективен договор и лицата на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.
Заради повреда на обврските од овој колективен договор, оштетената страна или лицена кои тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.
Секој учесник може да предложи измена и дополнување на овој колективен договор. Предлогот за измена и дополнување се доставува во писмена форма до другиотучесник кој е должен да се изјасни во рок од 15 дена.
Во случај ако другиот учесник не го прифати, или не се изјасни во дадениот рок од став 2 на овој член, учесникот предлагач може да започне постапка за усогласување.

**Член 45**

Постапката за усогласување започнува со поднесување на писмено барање на еден од учесниците на колективниот договор и треба да заврши во рок од 30 дена од поднесување на барањето.
Во рок од десет дена од поднесувањето на барањето за усогласување се формира комисија за усогласување.
Секој од учесниците именува по еден член во комисијата.

Членовите на комисијата договорно избираат трет член на комисијата како претседател.
Секое усогласување што учесниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма. Со усогласените ставови учесниците задолжително пристапуваат кон изменување идополнување на колективниот договор

**Член 46**

За следење на примената и за давање толкување на одредбите на овој колективендоговор учесниците формираат комисија за следење и толкување.
Секој од учесниците на овој колективен договор именува по два члена во комисијата,во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

**Член 47**

Овој колективен договор може да се откаже три месеци пред истекот на неговата важност.
Откажувањето на овој колективен договор се врши во писмена форма со отказ, при што се образложуваат причините за откажувањето.
Отказот од став два на овој член се доставува до другата страна на договорот.
Другата страна, на предлогот за откажување на колективниот договор е должна да одговори и да ја започне постапката за преговори, најдоцна во рок од 15 дена, од денот на приемот на поднесениот отказ.

## XII. Преодни и завршни одредби

**Член 48**

Овој колективен договор се склучува на определено време за период од 2 години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.
Овој колективен договор може да продолжи да важи ако страните во договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор.
Доколку не дојде до продолжување на овој колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов, или негово продолжување.

**Член 49**

Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.
Овој колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се

применува од денот на неговото објавување.

Објавениот текст на колективниот договор се публикува во соодветен број на примероци кои се доставуваат на вработените.

Работодавачот, односно синдикалната организација имаат обврска на секој вработенда му овозможат увид на овој колективен договор.

Овој Колективен договор се евидентира кај Синдикатот.

| **Претседател на Синдикатот на САДУ** | **Претседател на СО при Судскиот совет на РСМ** | **Судски совет на РСМ Претседател** |
|---|---|---|
| Благоја Ралповски | Азбије Бекир | Павлина Црвенковска |
| ____________________ | ---------------------------- | ---------------------------- |